Empowering society

Technical Assistance to Public Service Media in the Western Balkans

МРТ

Funded by the European Union

**Скопје, 11 февруари 2020**

**Соопштение за јавноста**

## Национална тркалезна маса – Дебата за финансирањето и модели на управување и регулација на јавниот медиумски сервис – Македонска радио телевизија




**Независно и одржливо финансирање неопходно за Македонската радио телевизија (МРТ)**

Независно, доволно и одржливо финансирање на Македонската радио телевизија (МРТ) како национален јавен медиумски сервис е неопходно за исполнување на неговите обврски – тоа е заклучено од страна на претставниците на парламентот, владата, медискиот регулатор, менаџментот на МРТ и цивилниот сектор кои денеска земаа учество на Тркалезната маса – дебата во Скопје. Овој настан беше организиран од страна на Програмата финансирана од ЕУ насловена како „Техничка помош на јавните медиумски сервиси на западен Балкан„ кој беше имплементиран од конзорциумот на партнери составен од ЕБУ, ИФЈ, ЕФЈ, ОРФ, БИРН и ЕРНО, во партнерство со МРТ.

Отворајќи го настанот, Шефот на одделот за соработка на Делегацијата на ЕУ во Република Северна Македонија, Никола Бертолини, рече дека политичката независност и финансиските ресурси секогаш биле потреба за јавните радиодифузери и дека ЕУ е многу заинтересирана да работи во таа област преку програми за поддршка. „Веруваме дека одговорноста пред граѓаните е прва цел на јавниот радиодифузер и унапредувајќи ги информациите во услуги на содржини што јавниот радиодифузер им ги обезбедува на граѓаните е од најголема важност„, рече Бертолини.

Заменикот министер за информатичко општество и администрација во Владата на Северна Македонија Александар Бајдевски потсети дека постојната легислатива беше дополнета во

IFJ · EBU OPERATING EUROVISION AND EURORADIO · EFJ · ORF · BIRN BALKAN INVESTIGATIVE REPORTING NETWORK · ERNO Eurovision News Exchange for Southeast Europe

2018 година, која предвидува прогресивен дел од државниот приход да биде наменет за финансирање на јавниот радиодифузен сервис, но дека се уште постои оправдана потреба за реформирање на јавниот радиодифузен сервис во смисла на капацитети, продукција и функционирање.

Според Марјан Цветковски, Директор на МРТ, овој радиодифузер се уште се соочува со финансиски тешкоти поради неисполнувањето на законските прописи за финансирањето, и арбитрарната позиција на владата којашто не го исплаќа во целост предвидениот износ на јавниот радиодифузен сервис, неможноста да се делува со законскиот систем кога станува збор за ненаплатена радиодифузна такса и генерално, преоптеретувањето со регулативи на јавниот радиодифузен сервис.

The numbers presented by Zoran Trajchevski, director of AVMU show constant decline in revenues of MRT over the past seven years from 24.83 mil EUR in 2013 to 15.01 mil EUR in 2019.

Цифрите презентирани од Зоран Трајчевски, Директор на АВМУ покажуваат постојано опаѓање на приходите на МРТ за последните седум години, од 24,83 милиони евра во 2013 до 15.01 милион евра во 2019 година.

Постариот експерт од ЕБУ Борис Бергант објасни дека не постои идеален европски модел, но дека директното финансирање како што е финансирањето преку радиодифузна такса е сокогаш поприфатливо решение, попрецизно кажано, бидејќи остава помалку простор за влијание.

Шефот на Проектот за поддршка на јавните сервиси од западен Балкан, Војислав Раониќ забележа дека цел на оваа програма е да се обезбеди платформа за размена на гледишта и да се помогне во воспоставување поширок социјален дијалог за финансирањето, управувањето и супервизијата на јавниот медиумски сервис. „Ние гледаме за оптимални модели специфични за земјата кои во исто време ќе бидат усогласени со добрите европски стандарди и практики„

Дебатата ќе продолжи утре со ставање на фокусот на управувањето и регулирањето на јавниот радиодифузен сервис.

Empowering society

Technical Assistance to Public Service Media in the Western Balkans

MPT

Funded by the European Union




Programme of Assistance to Public Service Media in the Western Balkans aims to contribute to the media reform and professional development of PSM in the region and strengthen their ability to produce increasingly pluralistic, independent and accountable content. The beneficiaries of the project are the six Public Service Media in Albania, Bosnia and Herzegovina, Kosovo, FYR Macedonia, Montenegro and Serbia. The project is implemented from February 1. 2018 to July 31. 2020. The Service Contract of the European Commission has been awarded to the consortium led by the International Federation of Journalists (IFJ) together with the European Broadcasting Union (EBU), the European Federation of Journalists (EFJ), the Austrian Public Broadcaster (ORF), the Balkan Investigative Reporting Network (BIRN) and the Eurovision News Exchange for South-East Europe (ERNO).

IFJ FIP IJF

EBU OPERATING EUROVISION AND EURORADIO

EFJ FEP EJF

ORF

BIRN BALKAN INVESTIGATIVE REPORTING NETWORK

ERNO Eurovision News Exchange for Southeast Europe